# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА

# СОБРАНИЕ
# НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2025 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2026 година**

## Содржина


ДНЕВЕН РЕД ... 4

ЗАПИСНИК од редовното Годишно Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одражано на ден 15.02.2025 година, во Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз" во Скопје ... 5

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2025 ДО 31.12.2025 ГОДИНА ... 8

ИЗВЕШТАЈ од Европско првенство за кадети, јуниори и У21 – Биелско-Бјала 2025 (07 – 09.02.2025) ... 10

ИЗВЕШТАЈ од Балканско првенство за сениори и ветерани Будва (27-мо сениори / 8-мо ветерани) (28.02 – 05.03.2025) ... 16

Извештај од 60-то Европско карате превенство за сениори - Ереван - Ерменија ... 20

Извештај од Балканско првенство за деца одржано на 30.05 - 01.06.2025 година во Бар – Црна Гора ... 24

ИЗВЕШТАЈ од претставник на Судиската комисија за Медитеранско првенство (12–14 септември 2025 година) ... 27

Извештај за Карате квалификацискиот турнир Париз 2025, Светско карате првенство ... 28

Извештај од Балканско првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 одржано од 07 - 09.11.2025 година во Риека – Хрватска ... 29

Извештај од селектор на сениори во борби – Александар Кузмановски за Светско првенство за сениори, Каиро – Египет 2025 ... 41

ТЕЛА НА КФРСМ ... 42

НАТПРЕВАРУВАЧКА КОМИСИЈА ... 42

МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА ... 43

Сениорски првенства ... 44

- Светско првенство за сениори - Квалификациска фаза Париз 2025 ... 44
- Светско првенство за сениори - Финална фаза Каиро 2025 ... 44
- Балканско Првенство за сениори и ветерани Будва 2025 ... 46
- СКФ Премиер лига Париз 2025 ... 48
- СКФ Премиер лига Хангжу 2025 ... 49
- СКФ Премиер лига Каиро 2025 ... 49
- СКФ Премиер лига Рабат 2025 ... 49
- СКФ Серија А Тбилиси 2025 ... 49
- СКФ Серија А Ларнака 2025 ... 50
- СКФ Серија А Салзбург 2025 ... 51

Младински првенства ... 51

- Европско првенство за кадети, јуниори и У21 Биелско-Биала 2025 ... 51
- Балканско првенство за кадети, јуниори и У21 Риека 2025 ... 53
- СКФ Младинска лига Фуџиарах 2025 ... 58
- СКФ Младинска лига Гвадалахара 2025 ... 58
- СКФ Младинска лига Пореч 2025 ... 59
- СКФ Младинска лига Венеција 2025 ... 60

Детски првенства ... 61

- Балканско Првенство за деца Бар 2025 ... 61

ДРЖАВНА ПРОГРАМА ... 67

- Државно првенство за сениори 2025 ... 68
- Плеј-оф турнир за сениори 2025 ... 72
- Куп на Македонија за сениори 2025 ... 74
- Државно првенство за кадети, јуниори и У21 2025 ... 77

Државно првенство за деца 2025 ... 87
ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА ... 98
СУДИСКАТА КОМИСИЈА ... 98
ЛЕКАРСКАТА КОМИСИЈА ... 99
КОМИСИЈАТА ЗА КОМЕСАРИ ... 99
КОМИСИЈА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ... 100
НАДЗОРЕН ОДБОР ... 101
ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ ... 102
НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА 107
ФИНАНСОВ ПЛАН НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА ... 108
МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА ЗА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА ... 109
ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА ... 110

Врз основа на член 28, став 1 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, свикувам Годишно Собраниена КФРСМ со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
    - Верификациона комисија;
    - Записничар и
    - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија, одржана на 15.02.2025 година;
3. Предлог Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија;
4. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година;
5. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година;
6. Финансов извештај на Карате федерацијата на РС Македонија за 2025 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година;
7. Разгледување и усвојување на Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2026 до 31.12.2026 година.
8. Прием на нови членови - клубови во КФРСМ;
9. Разно, предлози, прашања.

Собранието ќе се одржи во Конгресниот центар при СРЦ „Борис Трајковски“ Булевар 8-ми Септември 13, Скопје 1000, Скопје, на 21 февруари 2026 година (сабота), со почеток во со почеток во 11:00 часот.

Право на учество и право на глас имаат клубовите кои ги исполнуваат условите од член 16 и 19 од Статутот на КФМ, односно само клубовите кои имаат платено членарина за 2025 година, имаат решение за вршење дејност спорт и имаат активности/настап на натпревари кои ги организира КФРСМ во изминатите две години (2024 и 2025 година). Клубовите кои имаат уплатено годишна членарина и ги исполнуваат претходните услови добиваат гласачко картонче.

Согласно со член 26, став 2 од Статутот на КФМ Собранието го сочинуваат претседателите на клубовите - членки на Федерацијата. Претседателот на клубот може да ополномошти и друго лице од клубот кое ќе го претставува клубот на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

На седницата на Собранието ќе се разгледуваат само материјали кои се доставени во писмена форма, најмалку 3 дена пред одржување на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

Претседател,
Дејан Чолески с.р.

# ЗАПИСНИК од редовното Годишно Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одражано на ден 15.02.2025 година, во Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз“ во Скопје

Претседателот на КФРСМ Дејан Чолески, го отвори денешното Собрание, поздравувајќи ги поранешните претседатели на федерациајата како и сите присутни гости и претставници на клубовите членки на Федерацијата. По воведните зборови, членовите на Собранието го прифатија предлогот од претседателот на Федерацијата заедно со предложените точки од клубовите КК „Тиквеш“ и КК „Аеродром„ за во точката разно и едногласно го усвоија следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

10. Избор на работни тела на Собранието:
    - Верификациона комисија;
    - Записничар и
    - Оверувачи на записникот.
11. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија, одржана на 03.02.2024 година;
12. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
13. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
14. Финансов извештај на Карате федерацијата на РС Македонија за 2024 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
15. Разгледување и усвојување на Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година.
16. Прием на нови членови - клубови во КФРСМ;
17. Разно, предлози, прашања.

**Точка 1.**

Претседателот предложи да се изберат потребните органи како Собранието би можело полноправно да работи и се изврши избор на работни тела во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:
1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Аце Ѓурчиноски и
3. Даут Билибани.

Записничар:
1. Игор Миноски

Оверувачи на записникот:
1. Благој Атанасов и
2. Марко Костов.

По предлогот на претседателот членовите на Собранието едногласно ја донесоа следната

**ОДЛУКА**

СЕ ИЗБИРААТ работни тела на Собранието во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:
1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Аце Ѓурчиноски, член и
3. Даут Билибани, член.

Записничар:
1. Игор Миноски

Оверувачи на записникот:
1. Благој Атанасов и
2. Марко Костов.

Верификационата комисија се повлече за да изврши увид во доставените полномошна и да ја утврди бројноста на присутните членови на Собранието. По извесно време, претседателот на Верификационата комисија Ахмедин Марукиќ ги информираше членовите на Собранието дека од вкупно 72 клубови, присутни се 60 членови на клубови - делегати со право на глас, со што се констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноправно да работи и одлучува.

**Точка 2**

Во врска со втората точка од дневниот ред разгледување и усвојување на Записникот од Редовното Собрание на КФРСМ одржано на ден 03.02.2024 година, истиот беше едногласно прифатен по што Собранието ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Се усвојува Записникот од Редовното Собрание на КФРСМ одржано на ден 03.02.2024 година.

**Точка 3**

Во врска Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година, најпрво свој осврт за учинокот и успесите за истиот период даде Претседателот Дејан Чолески.

Тој истакна дека како и во претходните години така и изминатата 2024 година Карате федерацијата ја заврши со одлични резултати. Македонската карате репрезентација изминатата година имаше свој настап на Европското првенство за кадети, јуниори и У21 каде Витомир Трајковски освои сребрен медал, понатаму на Европското сениорско првенство одржано во Задар, Хрватска Михаела Мишовска освои сребрен медал а Петар Заборски го освои петтото место како и на Светското младинско првенство во Венеција Стефан Стојановиќ освои бронзен медал.

Успешна година имаше и Данка Стојкова која на Медитеранското првенство во Олбиа, Италија во дисциплината ката на песок успеа да го освои сребрениот медал а во истата дисциплина и Јована Манчевска се закити со бронзен медал.

Карате репрезентацијата имаше забележителен настап и на Балканското првенство за сениори и ветерани што се одржа во Тирана, Р. Албанија. Македонската репрезентација натпреварувањето го заврши со девет освоени медали, меѓу кои сребрените медали на Викторија Јовановска (-61 килограми), Емил Павлов (-67 килограми), Берат Јакупи (+84 килограми), како и машките кумите и ката тимови. Со бронза се закитија Вероника Костовска (-61 килограм), Фахик Весели (-60 килограми), Петар Заборски (-75 килограми) како и женскиот кумите тим.

Карате репрезентацијата имаше одлични настапи на Балканските првенства во 2024 година во сите категории, од тоа за деца до сениорското.

На сениорското Балканско првенство кое што се одржа во Подгорица, Црна Гора, нашата репрезентација освои вкупно осум бронзени медали: Викторија Јовановска (кумите жени -61кг), Вероника Костовска (кумите жени -67кг), Фахик Весели (кумите мажи -60кг), Емил Павлов (кумите мажи -67кг), Љупче Михајлов (кумите мажи -75кг), женски кумите тим (Костовска, Мицовска, Мојсовса, Јовановска) и машки кумите тим (Божовиќ, Михајлов, Мисини, Павлов, Мурати, Заборски, Трајковски).

На Балканското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 кое што се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина, нашата репрезентација стигна до рекорден број на медали. Настапот на шампионатот Македонија го заврши со 18 медали од кои четири златни, што беше доволно за четврто место на ранг-листата. Со златен медал на шампионатот се закитија Душица Бреслиева (кумите кадети женски -54кг), Андреј Стојчевски (кумите кадети машки -61кг), Матеј Белистојаноски (кумите У21 мажи -67кг) и Љупче Михајлов (кумите У21 машки -75кг).

Настап нашата репрезентација имаше и на Балканското првенство за деца кое што се одржа во Истанбул, Турција. Македонија на овој шампионат настапи со 119 натпреварувачи, а на крајот освои пет медали. Со злато се закити Марко Џорлев до 13 години кумите -50 килограми, а медали освоија и: Ринар Билали 12 години кумите машки -37кг (сребро), Ајан Муареми 11 години кумите машки -40 килограми (бронза), Ерјона Емини 13 години кумите женски -44кг (бронза) и 12-13 години ката тим машки (бронза).

Еден од најдобрите македонски женски карате тренери, Ивана Аврамова беше прогласена за најуспешен женски тренер за 2024 година на традиционалната манифестација „Златна Олимпија" организирана од Македонскиот олимписки комитет.

По оваа точка реферираше и претседателот на Судиската комисија Благој Атанасов, кој осврна на работата на оваа комисија за изминатата 2024 година. Во своето излагање беа истакнати сите учества на наши судии на сите домашни и меѓународни првенства кои се вклучени во календарот на натпревари на Карате федерацијата. Меѓу другото кажа дека сите делегирани судии професионално си ја завршиле зададената задача. На крајот од своето излагање уште еднаш упати повик до сите клубови да дадат свој придонес во вклучување на свои каратисти како кандидати за судии и членови на судиската комисија.

За работата на Натпреварувачката комисија свое излагање имаше претседателот на истата Бранко Тасевски кој ги наведе сите државни и клубски натпревари кои беа реализирани од страна на оваа комисија во изминатата 2024 година. На крајот и тој упати повик до делегатите за зачленување со свои кандидати во оваа комисија.

По оваа точка збор зеде и потпретседателот на КФРСМ Бесник Муратии кој како официјално лице ја претставуваше Федерацијата на сите меѓународни настапи на нашата репрезентација изминатата година. Меѓу другото тој истакна дека на сите настапи меѓународната сцена се користела приликата за одржување на конгреси, седници или состаноци со учесници и претствници од светската, европската или балканската федерација за организација на актуелни прашања од каратето.

За работата на Дисциплинската комисија на КФРСМ збор зеде и претседателот на истата Бојана Милосављевиќ која истакна дека комисијата минатата година имаше повеќе пријави за дисциплински прекршоци и упати порака до сите присутни да во иднина се поведе повеќе внимание кон одредбите од Правилникот на Дисциплинската комисија, посебно на земање учество на натпревари кои не се официјални и се забранети.

За настапот на репрезентациите најпрво свое излагање имаше селекоторот за сениори во кати Стојан Андриевски, кој даде осврт пред се на сениорската ката репрезентација и настапите кои ги имаа изминатата година посебно учеството на првото светско тимско првенство што се одржа во Памплона, Шпанија како и за учеството на Медитеранското првенство во Сардинија, Италија. За следните настапи што репрезентацијата во кати ќе ја има во оваа година изрази оптимизам пред се за настапот на Балканското првенство за сениори како и за Европското првенство за сениори што ќе се одржи во Ереван, Ерменија.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2025 ДО 31.12.2025 ГОДИНА

## ВОВЕД

Годината 2025 претставуваше исклучително значајна и динамична натпреварувачка сезона за Карате федерацијата на Македонија, исполнета со настапи на врвни меѓународни натпревари, освојување на медали, пласмани во завршници и потврда на континуираниот квалитет на македонското карате на европската и светската сцена. Со учество на балкански, европски, медитерански и светски првенства, нашите каратисти покажаа високо ниво на техничка подготвеност, дисциплина, борбеност и спортски дух, достојно претставувајќи ја државата и федерацијата.

Овој извештај претставува сумиран преглед на најзначајните натпреварувачки резултати и достигнувања на репрезентацијата на Македонија во текот на 2025 година, кои го одбележаа развојот на спортот и ја зацврстија позицијата на македонското карате во меѓународни рамки.

Европско првенство за кадети, јуниори и У21 – Биелско-Бјала

На Европското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21, одржано од 7 до 9 февруари 2025 година во Биелско-Бјала, Полска, нашите млади репрезентативци настапија во силна европска конкуренција. Посебно се истакна Душица Бреслиева, која освои бронзен медал во категоријата кадети -54 кг, што претставува значаен успех и потврда за потенцијалот на младите каратисти.

Покрај медалот, неколку натпреварувачи остварија пласмани во топ 5 и топ 7, меѓу кои Сара Дука и Љупче Михајлов (5 место), како и Илиана Серафимова, Цветан Маргаритов, Јована Мицковска и Данило Божовиќ (7 место). Кадетскиот женски ката тим, во состав Јована Дичева, Симона Дичева и Тијана Гоцкова, исто така се пласираше на 7 место, покажувајќи стабилен развој и перспектива за идни успеси.

Балканско првенство за сениори и ветерани – Будва 2025

Натпреварувачката година започна со одличен настап на 27. Балканско првенство за сениори и ветерани, одржано од 28 февруари до 2 март 2025 година во Будва, Црна Гора. Македонската репрезентација оствари исклучително успешен резултат, освојувајќи вкупно 13 медали – 2 златни, 4 сребрени и 7 бронзени.

Златни медали освоија Јована Мицовска во кумите -61 кг и женскиот ката тим, со што беше поставен силен темел за натамошните настапи во текот на годината. Сребрените медали ги освоија Викторија Јовановска (-61 кг), Стефан Стојановиќ (+84 кг), Љупче Михајлов (-75 кг) и женскиот кумите тим, додека бронзените медали беа резултат на континуираниот квалитет на повеќе репрезентативци: Михаела Мишовска, Сара Дука, Магдалена Божиновска, Ангела Мојсовска, Реџеп Рушити, Емил Павлов и Данка Стојкова.

Овој резултат покажа дека македонското карате располага со широка база на квалитетни сениори и ветерани, способни за освојување на медали во повеќе категории.

Европско првенство за сениори – Ереван 2025

На 60-тото Европско првенство за сениори во Ереван, Ерменија, македонските каратисти се соочија со силната европска конкуренција. Настапите беа исполнети со дисциплина, тактичка зрелост и спортска култура на највисоко ниво. Ангела Мојсовска го освои 7-то место во категоријата -68 кг, додека Петар Спасеновски го освои 9-то место во категоријата -84 кг.

Балканско првенство за деца – Бар 2025

Голем успех беше постигнат и на 29-тото Балканско првенство за деца, одржано од 30 мај до 1 јуни 2025 година во Бар, Црна Гора. Македонската репрезентација освои вкупно 8 медали – 4 златни, 1 сребрен и 3 бронзени, пласирајќи се на шестото место во генералниот пласман.

Златните медали ги освоија Александар Петровски, Сара Муадини, Иса Селими и Азем Аземи, додека сребрениот медал го освои ката тимот во состав Викторија Ѓорѓиева, Марија Димитриева и Викторија Златковска. Бронзените медали им припаднаа на Софија Топалоска, Ајан Муареми и Тома Петров. Овие резултати јасно укажуваат на силната база на млади таленти и перспективата за долгорочен развој на карате спортот во Македонија.

Медитеранско првенство – Beach Games Гвадалахара 2025

На Медитеранското првенство во рамки на Beach Games, одржано од 12 до 14 септември 2025 година во Гвадалахара, Шпанија, македонските каратисти постигнаа значаен успех во дисциплината кати на песок. Владанка Аврамова и Данка Стојкова освоија бронзени медали во поединечна конкуренција, додека сениорскиот ката тим во состав Аврамова, Стојкова и Тамара Ристовски освои бронзен медал во екипна конкуренција.

Овие резултати покажуваат адаптабилност и разновидност на нашите натпреварувачи, кои успешно се натпреваруваат и во алтернативни дисциплини и формати на карате.

Квалификации за Светско првенство – Париз 2025

Квалификацискиот турнир за Светското првенство, одржан од 17 до 19 октомври 2025 година во Париз, Франција, беше од особено значење. Фаик Весели оствари извонреден настап, доминирајќи во ROUND ROBIN фазата и освојувајќи прво место во својата група. Со висок технички квалитет, јасна тактика и стабилна концентрација, тој обезбеди пласман и учество на Светското првенство за сениори, што претставуваше еден од најзначајните индивидуални успеси во годината.

Балканско првенство за кадети, јуниори и У21 – Риека 2025

На 25-тото Балканско првенство за кадети, јуниори и У21, одржано од 7 до 9 ноември 2025 година во Риека, Хрватска, македонската репрезентација освои вкупно 10 медали – 1 златен, 5 сребрени и 4 бронзени.

Златниот медал го освои Данило Божовиќ (-84 кг У21), додека сребрените медали им припаднаа на Цветан Маргаритов, Ера Коџа, Реџеп Рушити, Нуредин Дервиши и машкиот У21 кумите тим. Бронзени медали освоија Иса Елмази, Ива Пецевска, Недим Шаќири и Блерина Зендели. Овој успех ја потврди континуираната работа со младинските категории и нивната конкурентност на регионално ниво.

Светско првенство за сениори – Каиро 2025

Завршницата на натпреварувачката сезона беше настапот на Светското првенство за сениори, одржано од 27 до 30 ноември 2025 година во Каиро, Египет. Во исклучително силна светска конкуренција, нашите репрезентативци имаа можност да се соочат со најдобрите каратисти во светот и да стекнат значајно меѓународно искуство. Ангела Мојсовска забележа две победи и еден пораз во групната фаза, додека Фаик Весели настапи со три борби во својата група. Иако овојпат не беше остварен пласман, настапот претставува важен чекор во понатамошниот развој и подготовка за идните големи натпреварувања на највисоко ниво.

**Заклучок**

Годината 2025 беше година на значајни спортски достигнувања, континуиран напредок и потврда на квалитетот на македонското карате. Освоените медали на балканските првенства, настапите и пласманите на европските и светските шампионати, како и успешното претставување на младинските категории, ја потврдуваат стратешката насока на федерацијата – развој на врвни спортисти, подмладување на репрезентацијата и континуирано присуство на меѓународната сцена.

Овие резултати се плод на посветената работа на спортистите, тренерите, стручните тимови и раководството на федерацијата, како и на поддршката од клубовите и спортската заедница. Со ваква основа и континуитет на успеси, Карате федерацијата на Македонија уверено го продолжува својот пат кон нови меѓународни достигнувања и уште поголеми спортски резултати во годините што следуваат.

Во продолжение следуваат извештаите со подетални информации за учеството и настапите на македонската репрезентација во текот на 2025 година.

## ИЗВЕШТАЈ од Европско првенство за кадети, јуниори и У21 – Биелско-Бјала 2025 (07 – 09.02.2025)

На 52-рото Европско првенство за кадети, јуниори и У21, Македонија освои вкупно 36 медали: 18 златни и 18 сребрени, со што се пласираше на 34-то место меѓу 48 репрезентации, во конкуренција од 608 натпреварувачи.Најголеми успеси беа остварени во дисциплината кумите, во категориите -47 кг (1 место), -54 кг, -61 кг, -68 кг и УУ2121 конкуренција, со освоени златни медали во повеќе возрасни дивизии, како и сребрени медали во категориите -52 кг, -57 кг, -63 кг и во екипни настапи. Делегацијата броеше повеќе од 20 членови и беше предводена од Бесник Муратии, во состав од натпреварувачи, тренери, селектори и судии од КФРСМ.



## *СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ДЕЛЕГИРАНИ ОД КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА*

| Br. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | Функција | Акредитиран | Организа. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | БЕСНИК МУРАТИИ | Шеф на делегација | ВИП | KFRSM |
| 2 | РАДЕ СТЕФАНОВСКИ | Судија | Судија | KFRSM |
| 3 | ВАЛЕНТИНА ПУРДЕСКА | Судија | Судија | KFRSM |
| 4 | АРЛИНД ХУСЕИНИ | Дирек.на репрезентација | Тренер | KFRSM |
| 5 | ПЕТАР БЕЛИСТОЈАНОВСКИ | Selektor | Тренер | KFRSM |
| 6 | ФЕРИ ИСИЧ | Selektor | Тренер | KFRSM |
| 7 | БЕРАТ ЈАКУПИ | Селектор | Тренер | KFRSM |
| 8 | ДЕЈАН РИСТЕСКИ | Селектор | Тренер | KFRSM |
| 9 | НЕЏБИ ДЕРВИШИ | Селектор | Тренер | KFRSM |

## *РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА ЕВРОПСКО ПРВЕНСТО ЗА КАДЕ ,ЈУНИОРИ И ПОМЛАДИ СЕНИОРИ У21 ВО БИЕЛСКО - БИАЛА*

| Рб | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | Клуб | Дисциплина | Категорија |
|---|---|---|---|---|
| | Паола Арсовска | Штип | Кумите | -47 кг. |
| 2 | Душица Бреслиева | Штип | Кумите | -54 кг. |
| 3 | Анастасиа Смилевска | Кунсуто | Кумите | -61 кг. |
| 4 | Јана Тануровска | Маваши | Кумите | +61 кг. |
| 5 | Михаил Спасов | Штип | Кумите | -52 кг. |
| 6 | Божидар Зафиров | Штип | Кумите | -57 кг. |
| 7 | Албин Алии | Куштрими | Кумите | -63 кг. |
| 8 | Иса Елмази | Фати | Кумите | -70 кг. |
| 9 | Теодор Стојаноки | Спорт 94 | Кумите | +70 кг. |
| 10 | Мартина Петреска | Чоле | Кумите | - 48 кг. |
| 11 | Илиана Серафимова | Кизаме | Кумите | -53 кг. |
| 12 | Драгана Ефтимовска | Штип | Кумите | -59 кг. |
| 13 | Теодора Наумовска | Металург | Кумите | - 66 кг. |
| 14 | Ана Богатинова | Астибо | Кумите | + 66 кг. |
| 15 | Цветан Маргаритов | Ботони | Кумите | - 55 кг. |
| 16 | Андреј Сточевски | Кизаме | Кумите | -61 кг. |
| 17 | Јован Врлевски | Кизаме | Кумите | -68 кг. |
| 18 | Фисник Шаќири | Риниа | Кумите | - 76 кг. |
| 19 | Филип Стојанов | Партизан | Кумите | + 76 кг. |
| 20 | Сара Дука | Дибра | Кумите | - 50 кг. |
| 21 | Рудина Алиу | Дибра | Кумите | -55 кг. |
| 22 | Јована Мицковска | Макпетрол | Кумите | -61 кг. |
| 23 | Ера Коџа | Дипра | Кумите | - 68 кг. |
| 24 | Ердона Зибери | Фати | Кумите | + 68 кг. |
| 25 | Безарт  Мемети | Башкими | Кумите | - 60 кг. |
| 26 | Матеј Белистојановски | Олимпик | Кумите | -67 кг. |
| 27 | Лупче Михајлов | Штип | Кумите | -75 кг. |
| 28 | Данило Божобич | Макпетрол | Кумите | - 84 кг. |
| 29 | Андреј Ангеловски | Олимпик | Кумите | + 84 кг. |
| 30 | Марко Поптодоров | Гладиатор | Ката | индивидуално |
| 31 | Блерина Зендели | Ускана | Ката | индивидуално |
| 32 | Тодор Димески | Сансаи | Ката | индивидуално |
| 33 | Тамара Ристовска | Сансаи | Ката | индивидуално |
| 34 | Данка Стојкова | Сансаи | Ката | индивидуално |
| 35 | Нуредин Дервиши | Ускана | Ката | индивидуално |
| 36 | Јована Дичева | Дојран | Ката | екипно |
| 37 | Симона Дичева | Дојран | Ката | екипно |
| 38 | Тијана Ѓоцкова | Дојран | Ката | екипно |

| Табела на учесници на Европско првенство во карате за кадети,јуниори и помлади сениориУ21 одржано во Биелско-Биала од 07 - 09 Февруари 2025 год. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Б.р | Име на држава | Код | Машки пријавени | Женски пријавени | Вкупно пријавени | Вкупо спортисти |
| 1 | АЛБАНИА | ALB | 7 | 2 | 9 | 9 |
| 2 | АНДОРА | AND | 0 | 2 | 2 | 2 |
| 3 | ЕРМЕНИА | ARM | 11 | 2 | 13 | 13 |
| 4 | АУСТРИЈА | AUT | 9 | 8 | 17 | 17 |
| 5 | АЗЕРБЕЈЏАН | AZE | 17 | 12 | 29 | 28 |
| 6 | БЕЛГИЈА | BEL | 11 | 10 | 21 | 23 |
| 7 | Б И Х | BIH | 19 | 17 | 36 | 39 |
| 8 | БУГАРИЈА | BUL | 12 | 10 | 22 | 22 |
| 9 | ХРВАТСКА | CRO | 19 | 18 | 37 | 40 |
| 10 | КИПАР | CYR | 15 | 13 | 28 | 29 |
| 11 | Р.ЧЕШКА | CZE | 14 | 12 | 26 | 28 |
| 12 | ДАНСКА | DEN | 15 | 15 | 30 | 30 |
| 23 | АНГЛИЈ А | ENG | 13 | 10 | 23 | 23 |
| 14 | ЕСТОНИЈА | EST | 8 | 4 | 12 | 12 |
| 15 | ФИНСКА | FIN | 6 | 7 | 13 | 13 |
| 16 | ФРАНЦИЈА | FRA | 19 | 18 | 37 | 40 |
| 17 | ГРУЗИЈА | GEO | 14 | 5 | 19 | 19 |
| 18 | ГЕРМАНИЈА | GER | 19 | 18 | 37 | 41 |
| 19 | ГРЦИЈА | GRE | 19 | 17 | 36 | 38 |
| 20 | УНГАРИЈА | HUN | 13 | 14 | 27 | 27 |
| 21 | ИСЛАНД | ISL | 4 | 3 | 7 | 6 |
| 22 | ИРСКА | IRL | 12 | 10 | 22 | 23 |
| 23 | ИЗРАЕЛ | ISR | 14 | 6 | 20 | 20 |
| 24 | ИТАЛИЈА | ITA | 19 | 18 | 37 | 41 |
| 25 | КОСОВО | KOS | 11 | 10 | 21 | 21 |
| 26 | ЛАТВИА | LAT | 15 | 12 | 27 | 27 |
| 27 | ЛИХТЕНШТАЈН | LIE | 4 | 0 | 4 | 2 |
| 28 | ЛИТВАНИА | LTU | 12 | 9 | 20 | 20 |
| 29 | ЛУКСЕМБУРГ | LUX | 11 | 13 | 24 | 24 |
| 30 | МАЛТА | MLT | 1 | 8 | 9 | 9 |
| 31 | Р.МОЛДАВИЈА | MDA | 9 | 6 | 15 | 14 |
| 32 | ЦРНА ГОРА | MNO | 19 | 16 | 35 | 38 |
| 33 | ХОЛАНДИЈА | NED | 11 | 10 | 21 | 21 |
| 34 | МАКЕДОНИЈА | MKD | 18 | 18 | 36 | 38 |
| 35 | НОРВЕШКА | NOR | 3 | 7 | 10 | 10 |
| 36 | ПОЛСКА | POL | 19 | 18 | 37 | 39 |
| 37 | ПОРТУГАЛИЈА | POR | 15 | 10 | 25 | 25 |
| 38 | РОМАНИЈА | ROU | 16 | 17 | 33 | 33 |
| 39 | ШКОТСКА | SCO | 9 | 8 | 17 | 17 |
| 40 | СРБИЈА | SRB | 17 | 18 | 35 | 36 |
| 41 | СЛОВАЧКА | SVK | 18 | 17 | 35 | 35 |
| 42 | СЛОВЕНИЈА | SLO | 12 | 13 | 25 | 26 |
| 43 | ШПАНИЈА | ESP | 19 | 18 | 37 | 41 |
| 44 | ШВЕДСКА | SWE | 7 | 3 | 10 | 10 |
| 45 | ШВАЈЦАРИЈА | SUI | 12 | 14 | 26 | 26 |
| 46 | ТУРСКА | TUR | 19 | 18 | 37 | 42 |
| 47 | УКРАИНА | UKR | 19 | 17 | 36 | 38 |
| 48 | ВЕЛС | WAL | 4 | 4 | 8 | 8 |

| ВКУПНО ДРЖАВИ | 48 |
|---|---|
| Машки учесници | 608 |
| Женски учесници | 535 |
| ВКУПНО пријавени | 1143 |
| ВКУПНО СПОРТИСТИ | 1181 |




***МАКЕДОНСКИ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ И НИВНИТЕ ПОКАЖАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО КУМИТЕ И КАТА ИНДИВИДУАЛНО***

| рб | Име и Презиме | Категорија | Карате Клуб | Борби | Број на победи | Бр.нат. во категорија | Пласман |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Паола Арсовска | кадет -47 кг. | Штип | 1 коло (ITA), 2:3 пораз | 0 | 34 | Без пласман |
| 2 | Душица Бреслиева | кадет -54 кг. | Штип | 1 Коло(ITA) 8:1 победа<br>2 Коло(SUI) 5:5 победа<br>3 Коло(POR) 2:0 победа<br>4 Коло(UKR) 2:3 пораз Репасаж (TUR) 5:4 победа | 4 | 34 | **3 место** |
| 3 | Анастасиа Смилевска | Кадет -61 кг. | Кунсуто | 1 Коло(POR) 0:2пораз | 0 | 34 | Без пласман |
| 4 | Јана Тануровска | кадет +61 кг. | Маваши | 1 Коло(GER), 0:8 пораз | 0 | 33 | Без пласман |
| 5 | Михаил Спасов | кадет -52 кг. | Штип | 1 Коло(TUR) 1:6 пораз | 0 | 35 | Без пласман |
| 6 | Божидар Зафиров | кадет -57 кг. | Штип | 1 Коло (FRA), 3:0 победа<br>2 Коло (ROU) 0:0 пораз | 1 | 36 | Без пласман |
| 7 | Албин АЛИИ | кадет -63 кг | Куштрими | 1 Коло (SLO), 0:0 победа<br>2 Коло(KOS) 2:3 пораз | 1 | 36 | Без пласман |
| 8 | Иса Елмази | кадет -70 кг | Фати | 1 Коло(ARM) 0:8 пораз | 0 | 32 | Без пласман |
| 9 | Теодор Стојаноки | кадет +70 кг | Спорт 94 | 1 Коло (ARM) 1:2 пораз | 0 | 29 | Без пласман |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Мартина Петреска | јуниор -48 кг | Чоле | 1 Коло (NED) 0:8 пораз | 0 | 32 | Без пласман |
| 11 | Илиана Серафимова | јуниор -53 кг | Кизаме | 1 Коло(FRA) 0:9 пораз Репасаж (WAL) 4:2 победа 2 Kolo(CZE) 4:7 пораз | 1 | 30 | 7 место |
| 12 | Драгана Ефтимовска | јуниор -59 кг | Штип | 1 Коло(LAT) 1:5 пораз | 0 | 35 | Без пласман |
| 13 | Теодора Наумовска | јуниор -66 кг | Металург | 1 Коло (FIN) 2:5 Пораз | 0 | 32 | Без пласман |
| 14 | Ана Богатинова | јуниор +66 кг | Астибо | 1Коло(POL) 0:9 пораз | 0 | 26 | Без пласман |
| 15 | Цветан Маргаритов | јуниор -55 кг | Ботони | 1Коло(DEN) 2:0 победа 2 Kolo(CZE) 2:2 пораз Репасаж (ITA) 0:4 пораз | 1 | 30 | 7 место |
| 16 | Андреј Сточевски | јуниор -61 кг | Кизаме | 1 Коло(BiH) 5:1 победа 2 Kolo(SCO) 1:4 пораз | 1 | 37 | Без пласман |
| 17 | Јован Врлевски | јуниор -68 кг | Кизаме | 1 Коло(CZE) 2:3 пораз | 0 | 39 | Без пласман |
| 18 | Фисник Шаќири | јуниор -76 кг | Риниа | 1 Коло(BiH) 5:1 победа 2 Kolo(CZE) 2:3 пораз | 1 | 36 | Без пласман |
| 19 | Филип Стојанов | јуниор +76 кг | Партизан | 1 Коло(ISR) 3:0 победа 2 Kolo(ROU) 2:0 победа 2 Kolo(FRA) 0:2 пораз | 2 | 39 | Без пласман |
| 20 | Сара Дука | У21 - 50 кг. | Дибра | 1 Кол(UKR) 0:2 пораз Репасаж(LTU ) 6:0 победа 2 Kolo(FRA) 0:9 пораз | 1 | 20 | 5 Место |
| 21 | Рудина Алиу | У21 -55 кг. | Дибра | 1 Коло (MNE)0: 1 Пораз | 0 | 26 | Без пласман |
| 22 | Јована Мицковска | У21 -61 кг. | Макпетрол | 1 Кол(DEN) 2:0 победа 2 Кол(GER) 3:2 победа 2 Кол(ESP) 4:5 пораз Репасаж(FRA ) 3:11 пораз | 2 | 27 | 7 Место |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Ера Коца | У21 - 68 кг. | Дипра | 1 Кол(AZE) 9:7 победа 2 Кол(TUR) 3:8 пораз | 1 | 28 | Без пласман |
| 24 | Ердона Зибери | У21 + 68 кг. | Фати | 1 Кол(TUR) 1:5 пораз | 0 | 27 | Без пласман |
| 25 | Безарт Мемети | У21 - 60 кг. | Башкими | 2 Кол(TUR) 5:5 пораз | 0 | 31 | Без пласман |
| 26 | Матеј Белистојановски | У21 -67 кг. | Олимпик | 1 Кол(ARM) 4:1 победа 2 Кол(GER) 2:4 пораз | 1 | 38 | Без пласман |
| 27 | Лупче Михајлов | У21 -75 кг. | Штип | 1 Кол(MNE) 1:0 победа 2 Кол(SRB) 3:2 победа | 3 | 36 | 5 Место |
| *28* | *Данило Божобич* | У21 - 84 кг. | *Макпетрол* | 1 Кол(AZE) 4:2 победа 2 Кол(ESP) 3:1 победа 3 Кол(MNE) 2:3 пораз Репасаж(GER) 1:3 пораз | *2* | 28 | 7 Место |
| *29* | *Амдреј Ангеловски* | У21 + 84 кг. | *Олимпик* | 1 Кол(ROU) 4:3 победа 2 Кол(POL) 0:0 пораз | *1* | 24 | Без пласман |
| *30* | *Блерина Зендели* | Кадет ката | *Ускана* | 1 Коло (FRA) пораз Репасаж (ESP) пораз | *0* | 33 | 7 Место |
| *31* | *Тодор Димески* | Кадет ката | *Сансаи* | 1 Коло (POL) пораз | *0* | 30 | Без пласман |
| *32* | *Тамара Ристовска* | Јуниор ката | *Сансаи* | 1 Коло (AUT) пораз | *0* | 31 | Без пласман |
| *34* | *Нуредин Дервиши* | Јуниор ката | *Ускана* | 1 Коло (SLO) пораз | *0* | 30 | Без пласман |
| *35* | *Данака Стојкова* | У21 ката | *Сансаи* | 1 Кол(ISR) победа 2 Кол(TUR) пораз | *1* | 35 | 9 место |
| *36* | *Марко Поптодоров* | У21 ката | *Гладиатор* | 1 Коло (CRO) пораз | *0* | 29 | Без пласман |
| *37* | *Јована Дичева Симона Дичева Тијана Гоцкова* | Кадет ката | *Дојран* | 1 Кол (SRB) Победа 2 Кол (ESP) пораз | *1* | 15 | 7 Место |

## ИЗВЕШТАЈ од Балканско првенство за сениори и ветерани Будва (27-мо сениори / 8-мо ветерани) (28.02 – 05.03.2025)

Македонската карате репрезентација на 27-мото Балканско првенство за сениори и 8-мото за ветерани освои вкупно 13 медали: 2 златни, 4 сребрени и 7 бронзени. Репрезентацијата се пласираше на 4-то место во генералниот пласман меѓу осум држави учеснички.




Со златен медал се закити Јована Мицовска, додека Викторија Јовановска освои сребрен медал. Бронзени медали освоија Михаела Мишовска, Сара Дука, Магдалена Божиновска и Ангела Мојсовска.

Во машка конкуренција, Стефан Стојановски (+84 кг) освои сребрен медал.

Делегацијата од 37 натпреварувачи и стручни лица, предводена од Игор Миноски, патуваше на 27.02.2025 и се врати на 05.03.2025.

СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ДЕЛЕГИРАНИ ОД КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА

| Бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ФУНКЦИЈА | Акредитиран | Организа. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Игор Миноски | Стручен соработник | Шеф на делегација | КФМ |
| 2 | Бесник Мурати | Потпретседател на КФМ | ОО на КФБ | КФБ |
| 3 | Александар Кузмановски | Селектор во борби | Тренер | КФМ |
| 4 | Стојан Андриевски | Селектор во кати | Тренер | КФМ |
| 5 | Благој Атанасов | Судија | Судија | КФБ |
| 6 | Боби Војдиновски | Судија | Судија | КФБ |
| 7 | Дилавер Беќири | Судија | Судија | КФБ |
| 8 | Никола Атанасовски | Судија | Судија | КФБ |

Во однос на водењето на репрезентативците на селекторите и помошниците тренери би сакал да истакнам дека за време на целото првенство беа покриени сите настапи на пријавените репрезентативци.

**ПРИЈАВЕНИ НАТПРЕВАРУВАЧИ ОД ЗЕМЈИТЕ УЧЕСНИЦИ**

| **Држава** | **Пријави** | **Спортисти** |
|---|---|---|
| АЛБАНИЈА | 5 | 5 |
| БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | 47 | 44 |
| БУГАРИЈА | 4 | 4 |
| ХРВАТСКА | 34 | 35 |
| ГРЦИЈА | 7 | 4 |
| КОСОВО | 26 | 24 |
| ЦРНА ГОРА | 39 | 35 |
| МАКЕДОНИЈА | 32 | 30 |
| РОМАНИЈА | 34 | 32 |
| СРБИЈА | 69 | 64 |
| СЛОВЕНИЈА | 9 | 9 |
| ТУРЦИЈА | 31 | 27 |
| **Држави:12** | **Вкупно пријавени: 337** | **Вкупно спортисти: 313** |

## РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА

| РБ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КАРАТЕ КЛУБ | ДИСЦИПЛИНА |
|---|---|---|---|
| 1 | Владанка Аврамова | Сансаи Метал Апостолов | КАТА ИНДИВИДУАЛНО ЖЕНСКИ И ТИМ |
| 2 | Данка Стојкова | Сансаи Метал Апостолов | КАТА ИНДИВИДУАЛНО ЖЕНСКИ И ТИМ |
| 3 | Тамара Ристовска | Сансаи Метал Апостолов | КАТА ЖЕНСКИ ТИМ |
| 4 | Марко Бунтевски | Самурај | КАТА ИНДИВУАЛНО МАШКИ |
| 5 | Живко Дракуловски | Самурај | КАТА ИНДИВУАЛНО МАШКИ ВЕТЕРАНИ |
| 6 | Јована Мицовска | Макпетрол | -61 ЖЕНСКИ |
| 7 | Викторија Јовановска | Макпетрол | -61 ЖЕНСКИ |
| 8 | Ангела Мојсовска | Макпетрол | -68 ЖЕНСКИ |
| 9 | Стефан Стојановиќ | Макпетрол | +84 МАШКИ |
| 10 | Данило Божовиќ | Макпетрол | +84 МАШКИ |
| 11 | Сара Дука | Дибра | -50 ЖЕНСКИ |
| 12 | Ера Коџа | Дибра | -68 ЖЕНСКИ |
| 13 | Вукашин Јовановиќ | Шампион | -75 МАШКИ |
| 14 | Ердона Зибери | Фати | +68 ЖЕНСКИ |
| 15 | Емил Павлов | Штип | -67 МАШКИ |
| 16 | Љупчо Михајлов | Штип | -75 МАШКИ |
| 17 | Григор Хаџи-Кимов | Штип | -84 МАШКИ |
| 18 | Виктор Спасов | Штип | -84 МАШКИ |
| 19 | Мила Панчева | Штип | -55 ЖЕНСКИ |
| 20 | Недим Шаќири | Риниа | -60 МАШКИ |
| 21 | Рудина Алиу | Цветан Димов | -55 ЖЕНСКИ |
| 22 | Реџеп Рушити | Куштрими | -75 МАШКИ |
| 23 | Мурсел Мисини | Башкими | -75 МАШКИ |
| 24 | Фахик Весели | Олимпик | -60 МАШКИ |
| 25 | Вероника Костовска | Олимпик | -61 ЖЕНСКИ |
| 26 | Михаела Мишовска | Олимпик | -50 ЖЕНСКИ |
| 27 | Магдалена Божиноска | Олимпик | -61 ЖЕНСКИ |
| 28 | Мустафаи Греса | Арена | +68 ЖЕНСКИ |

На ова Балканско сениорско првенство, нашата репрезентација успеа да освои вкупно 13 медали од кои: 2 златни, 4 сребрени и 7 бронзени одличја со што на крајот нашата репрезентација беше четврто рангирана на генералниот пласман од сите учесници. И споредено со резултатите од претходните учества на сениорската репрезентација претствува значајно подобрување.

Во однос на Балканското првенство за ветерани, наш претставник беше Живко Дракуловски кој во категоријата ката ветерани машки +55кг успеа да го освои петтото место.

### РАНГИРАЊЕ СПОРЕД ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ И ОСВОЕНИ МЕДАЛИ

| Ранг | Држава | КОД | златни | сребрени | бронзени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЦРНА ГОРА | MNE | 6 | 4 | 3 | 13 |
| 2 | ХРВАТСКА | CRO | 4 | 3 | 3 | 10 |
| 3 | СРБИЈА | SRB | 2 | 4 | 8 | 14 |
| **4** | **МАКЕДОНИЈА** | **MKD** | **2** | **4** | **7** | **13** |
| 5 | БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | BIH | 2 | 0 | 2 | 4 |
| 6 | ТУРЦИЈА | TUR | 0 | 1 | 2 | 3 |
| 7 | КОСОВО | KOS | 0 | 0 | 3 | 3 |
| 8 | РОМАНИЈА | ROU | 0 | 0 | 3 | 3 |

На следните табели се прикажани освојувачите на медали во дисциплината кумите во сите тежински категории во индивидуален настап како и освојувачите на медали на македонската сениорска репрезентација:

| **ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ДИСЦИПЛИНА КУМИТЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Име и презиме** | **Дисциплина** | **Борби** | **Освоено место** |
| Ердона Зибери | КУМИТЕ ЖЕНСКИ +68 КГ | **Коло 1**<br>(Црна Гора) победа 5:3<br>**Коло 2**<br>(Хрватска) пораз 1:7<br>**Коло 3 Репасаж**<br>(Косово) пораз 0:2 | **ПЕТТО МЕСТО** |
| Греса Мустафаи | КУМИТЕ ЖЕНСКИ +68 КГ | **Коло 1**<br>(Србија) пораз 0:4 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Михаела Мишовска | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -50 КГ | **Коло 1**<br>(БиХ) победа 2:1<br>**Коло 2**<br>(Хрватска) пораз 0:5<br>**Коло 3 Репасаж**<br>(Косово) победа 4:0 | **БРОНЗЕН МЕДАЛ** |
| Сара Дука | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -50 КГ | **Коло 1**<br>(Хрватска) победа 8:0<br>**Коло 2**<br>(Хрватска) пораз 0:2<br>**Коло 3 Репасаж**<br>(Србија) победа 1:0 | **БРОНЗЕН МЕДАЛ** |
| Мила Панчева | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -55 КГ | **Коло 1**<br>(БиХ) пораз 0:0 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Рудина Алиу | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -55 КГ | **Коло 1**<br>(Србија) пораз 0:2 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Вероника Костова | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -61 КГ | **Коло 1**<br>(Хрватска) пораз 3:6 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Викторија Јовановска | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -61 КГ | **Коло 1**<br>(Хрватска) победа 0:0<br>**Коло 2**<br>(Србија) победа 2:1<br>**Коло 3**<br>(Хрватска) победа 1:0<br>**Коло 4**<br>(Хрватска) победа 3:1<br>**Коло 5 финале**<br>(Македонија) пораз 3:4 | **СРЕБРЕН МЕДАЛ** |
| Јована Мицовска | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -61 КГ | **Коло 1**<br>(Хрватска) победа 5:4<br>**Коло 2**<br>(Црна Гора) победа 8:4<br>**Коло 3**<br>(Македонија) победа 5:5<br>**Коло 4 Финале**<br>(Македонија) побед 4:3 | **ЗЛАТЕН МЕДАЛ** |
| Магдалена Божиновска | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -61 КГ | **Коло 1**<br>(Хрватска) пораз 3:6<br>**Коло 2 Репасаж**<br>(Црна Гора) победа 6:0 | **БРОНЗЕН МЕДАЛ** |
| Ангела Мојсовска | КУМИТЕ ЖЕНСКИ -68 КГ | **Коло 1**<br>(Хрватска) победа 8:5<br>**Коло 2**<br>(Романија) победа 8:1<br>**Коло 3**<br>(Србија) победа 8:5<br>**Коло 4**<br>(БиХ) пораз 4:7<br>**Коло 5 Репасаж**<br>(Србија) победа 2:1 | **БРОНЗЕН МЕДАЛ** |
| Ера Коца | КУМИТЕ ЖЕНСКИ | **Коло 1**<br>(Косово) пораз 1:6 | БЕЗ ПЛАСМАН |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -68 КГ | | |
| Григор Хаџи Кимов | КУМИТЕ МАШКИ -84 КГ | **Коло 1** (БиХ) пораз 2:4 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Виктор Спасов | КУМИТЕ МАШКИ -84 КГ | **Коло 1** (Косово) пораз 1:4 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Данило Божовиќ | КУМИТЕ МАШКИ +84 КГ | **Коло 1** (Србија) пораз 1:4 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Стефан Стојановиќ | КУМИТЕ МАШКИ +84 КГ | **Коло 1** (Црна Гора) победа 3:3 **Коло 2** (Србија) победа 3:0 **Коло 3** (Хрватска) победа 4:3 **Коло 4 Финале** (Црна Гора) пораз 4:4 | **СРЕБРЕН МЕДАЛ** |
| Фахик Весели | КУМИТЕ МАШКИ -60 КГ | **Коло 1** (Хрватска) пораз 0:0 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Недим Шаќири | КУМИТЕ МАШКИ -60 КГ | **Коло 1** (БиХ) пораз 0:0 | БЕЗ ПЛАСМАН |
| Емил Павлов | КУМИТЕ МАШКИ -60 КГ | **Коло 1** (Србија) победа 4:3 **Коло 2** (Хрватска) пораз 1:4 **Коло 3 Репасаж** (Романија) победа 5:3 | **БРОНЗЕН МЕДАЛ** |
| Реџеп Рушити | КУМИТЕ МАШКИ -75 КГ | **Коло 1** (БиХ) победа 4:0 **Коло 2** (Романија) победа 9:1 **Коло 3** (Косово) победа 3:0 **Коло 4** (Македонија) пораз 1:2 **Коло 5 Репасаж** (Србија) победа 1:0 | **БРОНЗЕН МЕДАЛ** |
| Љупче Михајлов | КУМИТЕ МАШКИ -75 КГ | **Коло 1** (Црна Гора) победа 5:3 **Коло 2** (Хрватска) победа 4:2 **Коло 3** (Србија) победа 2:1 **Коло 4 Финале** (Црна Гора) пораз 1:10 | **СРЕБРЕН МЕДАЛ** |
| Мурсељ Мисини | КУМИТЕ МАШКИ -75 КГ | **Коло 1** (БиХ) победа 0:0 **Коло 2** (Романија) победа 6:3 **Коло 3** (Црна Гора) пораз 0:1 **Коло 4 Репасаж** (Турција) победа 2:1 **Коло 5 Репасаж** (Србија) пораз 0:1 | **ПЕТТО МЕСТО** |
| Вукашин Јовановиќ | КУМИТЕ МАШКИ -75 КГ | **Коло 1** (Романија) победа 6:0 **Коло 2** (Хрватска) пораз 0:6 | **БЕЗ ПЛАСМАН** |

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ДИСЦИПЛИНА Кумите ЕКИПНО МАШКИ И ЖЕНСКИ**

| РБ | Екипа во состав | Дисциплина | Борби | генерален пласман |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Божиновска, Јовановска, Костовска и Мојсовска | КУМИТЕ ТИМ ЖЕНСКИ | **1коло** (Романија) победа 2:0 **2 коло** (Косово) победа 2:0 **3 коло Финале** (БиХ) пораз 0:2 | **СРЕБРЕН МЕДАЛ** |
| 2 | Јовановиќ, Михајлов, Мисини, Павлов, Стојановиќ и Весели | КУМИТЕ ТИМ МАШКИ | **1коло** (Србија) пораз 1:2 **2 коло (репасаж)** (БиХ) пораз 0:3 | **БЕЗ ПЛАСМАН** |

На следната табела се прикажани се резултатие од настапот и постигнатиот резултат во дисциплината кати во машка и женска категорија за сениори и ветерани во индивидуален настап:

| ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ДИСЦИПЛИНА КАТА ИНДИВИДУАЛНО МАШКИ И ЖЕНСКИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РБ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ДИСЦИПЛИНА | 1 КОЛО | 2 КОЛО | 3 КОЛО | 4 КОЛО | ГЕНЕРАЛЕН ПЛАСМАН |
| 1 | Владанка Аврамова | Ката женски | 22.60 | / | / | / | БЕЗ ПЛАСМАН |
| 2 | Данка Стојкова | Ката женски | 23.00 | 24.50 | 24.40 | 24.30 | **БРОНЗЕН МЕДАЛ** |
| 3 | Марко Бунтевски | Ката машки | 21.70 | / | / | / | БЕЗ ПЛАСМАН |
| 4 | Живко Дракуловски | Ката машки ветерани +55 | / | / | / | / | **ПЕТТО МЕСТО** |

На следната табела се прикажани се резултатие од настапот и постигнатиот резултат во дисциплината кати во машка и женска категорија во екипниот настап:

| ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ДИСЦИПЛИНА КАТА ЕКИПНО МАШКИ И ЖЕНСКИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РБ | Екипа во состав | Дисциплина | 1 коло | 2 коло | генерален пласман |
| 1 | Владанка Аврамова, Тамара Ристовска и Данка Стојкова | Ката сениори женски | 23.00 | 22.50 | **ЗЛАТЕН МЕДАЛ** |

Генерално, нашата репрезентација одлично се претстви на ова Балканско прvenство. Вкупниот учинок во сите категории е 2 златни, 4 сребрени и 7 бронзени и тоа:

**Златни медали:**

1. Јована Мицовска кумите женски -61кг;
2. Ката екипно женски.

**Сребрени медали:**

1. Викторија Јовановска кумите женски -61кг;
2. Стефан Стојановиќ кумите машки +84кг;
3. Љупче Михајлов кумите машки -75кг и

## Извештај од 60-то Европско карате превенство за сениори - Ереван - Ерменија

Нашите натпреварувачи се истакнаа во силна конкуренција со најдобрите европски каратисти, постигнувајќи забележителни резултати и вредни победи во повеќе категории. Со својот настап тие покажаа дисциплина, тимски дух и спортска култура достојна за европско првенство од највисок ранг.










***РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ КОИ УЧЕСТВУВАА НА 60-то ЕВРОПСКО ПРВЕНСТО ЗА СЕНИОРИ ВО ЕРЕВАН-ЕРМЕНИА***

| Рб | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | Клуб | Дисциплина | Категорија |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Михаела Мишовска | Тигар | Кумите | -50 кг. |
| **2** | Симона Заборска | Макпетрол | Кумите | -55кг. |
| **3** | Вероника Костовска | Олимпик 2007 | Кумите | -61кг. |
| **4** | Ангела Мојсовска | Макпетрол | Кумите | -68кг. |
| **5** | Ердона Зибери | Фати | Кумите | +68кг. |
| **6** | Викторија Јовановаска | Макпетрол | Кумите | кумите тим |
| **7** | Фахик Весели | Олимпик | Кумите | -60кг. |
